Д-р Ристо Ивановски

# ПОДУНАВЈЕТО-
# БЕЗ НАСЕЛЕНИЕ

Битола, Р.Македонија
2012 година

Д-р Ристо Ивановски, ПОДУНАВЈЕТО- БЕЗ НАСЕЛЕНИЕ

Адреса на авторот:
Ул. Михајло Андоновски бр. 6/21
Битола, телефон: 047/258-133

ИВАНОВСКИ, Ристо
Подунавјето- без население/ Ристо Ивановски.
- Битола : Ивановски Р., 2012. - 62 стр; 29 см.

А) Подунавјето- историја.

# ВОВЕД

Европската историја започнува со доказите/наодите кои постојат кај ним- Подунавјето, Балтикот, итн. При тоа тие забораваат, за да се дојде до таков висок степен на развиток, што е пронајден низ цела Европа, не може нивната историја да започне токму само со она што било кај ним пронајдено- историјата е со празнина.

За пример се наведува прегледот на археолошката хронологија на Балканот:

Па се говори за Старчево (5500 г.п.н.е.), Винча (4800 г.п.н.е), Лепенски Вир (6560 г.п.н.е.), Караново (6807-5550 г.п.н.е.), Церје (6000 г.п.н.е.), Вршник (6865 г. п.н.е.), Дупјак (5400 г.п.н.е.), Неа Никомедеа (7200 г.п.н.е.), Димини (5622 г.п.н.е.), Троја (3200- 2600 г. п.н.е.), Микена (1660 г.п.н.е.), Кносос (1950-1750 г.п.н.е)...

Ваквите археолошки докази/наоди се споредуваат со Месопотамија и Египет, а не дека на Подунавје со Црно Море, Месопотамија и Египет централно место им бил Левантот, кој со морска вода се левал-налевал: (-в) леал-налеал како Левант.

А дури се говори и за писменоста. Па авторите се надмудруваат, која писменост била постара. Бидејќи доказите/наодите во Подунавјето биле постари од оние во Месопотамија, Подунавците биле постари. Следи од Подунавјето во Сумер било однесена, а не обратно. Ваквиот начин на однесување не доликува на личности со свој заокружен творечки дух туку на личности да станат популарни на штета на вистината, а историска вистина била единствена дека имало долго ледено доба.

Сé она што останало посеверно од 35-та паралела, а таа е јужно од Крит, било подложно на непогоди итн. Посеверните на помрзнувања,дури и замрзнувања.

Следи заклучокот Белците со животните и растенијата да се повлечат во Левантот, во кого опстоиле сé додека леденото доба не завршило. Само потоа почнала да се населува Европа со растенија. Тие биле следени од животни, а тек по нив човекот. Бидејќи леденото доба траело многу долго, човекот таму си имал висок степен на цивилизација, свои градежи, писменост, домашни животни и користел разни растенија. Наведеното говори, историјата која не ни достасува е во Левантот.

Ова било повод Белците во Јапонија..., Кина..., Индија, Месоптамија..., Египет да имаат исти традиции, слични на оние на Троја, Атлантида- без нивна трага.

Најдобар доказ е крвната група А која белата раса ја ширела кон Исток до во Јапонија, а крвната крупа В од Исток кон Запад. Следи првобитната крвна група 0 да биде месојадна за ловци и рибари, а тоа биле Монголите, што било и за нивната крвна група В. Наспроти нив биле Белците. Тие со својата првобитна крвна група 0 биле како Монголите само месојадци- ловци и рибари. Бидејќи во Левантот се зголемила концетрацијата на одгледуван добиток следи инфекција од чумата на говедото и грипот на свињата, порадишто се појавила малатасипаница и грипот. Тоа било повод да се создаде крвната група А која била одбојна за животинските хранива од животните од кои настанале инфекциите. Бидејќи Белците го хранеле својот добиток со растителна храна, а исто така самите таква користеле, како и полодови, бидејќи нивната крвна група А станала одбојна на животинска храна таа преминала во вегетеријанска со исхрана на растителни хранива, одбегнувајќи ги животинските. Затоа со крвна група 0 и В луѓето се одлични уживачи на животинска храна,а крвната група А на растителна храна. Поопширно да се види кај Адамо-Витни.

Следи во книгава да се почне со леденото доба, кога Белците биле повлечени во Левантот. Па Подунавјето со Црно Море биле само негово новопродолжение.

ЛЕДЕНОТО ДОБА- ЛЕВАНТ

Ларус,[1] стр. 224, говори за Рана антика, а под првиот поднаслов Домен на историјата и метод на историјата, следи „Тековина на палеолитско доба (доба со грубо обработен камен кој трае до околу 8000 години). Обично се смета дека човештвото го почнува својот век со појавата на орудието. Има 1800000 години откако живите суштества во источна Африка употребувале оштрица на белутки, кои свесно и намерно се разбивале да би направиле оштрица...Од почетокот на квартерот- пред некои два милиони години- Земјата поминала низ ледени периоди од кои останале појачани траги на таложења, и кои ги прати, изнад 35. упоредник, голем пад на темература. А биле и меѓуледени периоди, знатно посуви и местимични потопли...“. Значи, се говори 35- паралела. А таа 35-та паралела е само јужно од Крит.

Токму следи дека Белците биле повлечени јужно од 35- паралела во Левант.

Т.Ф.Гаскел,[2] на стр. 14, пиши: „Од време на време во текот на леденото доба на цела геолошка историја на земјата била знатна количина вода заробена во мраз. Денес, всушност живееме во умирачкиот стисок на леденото доба кое го достигнало својот четврт врв отприлика некои 10.000 години, а започнало измеѓу некои 500.000- 1,000.000 години порано. Околу 1/10 вкупна површина на копно денес е замрзната“.

„Количината на вода, која со текот на некои ледени доби ја заробува лед, е знатна покрај огромниот волумен на океанот. Нпр., ледената капа на Гренланд и Антартик изненадно да се истопи, нивото на морето би пораснало отприлика 90 метри- доволно New York (Њу Јорк), Лондон и Парис да се претворат во подводни градови...“.

„За последните 6.000 години на сегашното морско ниво останало со отстапување од 3 метри горе- долу, ама тоа не значи дека сегашниот циклус на ледените раздобја дека е окончан...“.

Наведеното говори, Средоземно Море конечно било оформено 4000 г.п.н.е.

За да се потврди дека Средоземно Море непостоело е доказ јагулата, со која најлесно се образложува дека таа од самиот свој почеток патувала од слаководните води на денешна Европа. Пак, нејзината патека кон Америка останала иста со појавата на континенти. Бидејќи континентите постепено се двоеле едни од други, а само новата јагула се враќала на старата патека, таа не можела да забележи дека нејзината патека од генерација во генерација постанувла сé подолга и подолга.

На стр. 77/78 пиши Maurice Burton: „Да погледаме еден одличен пример на ваквата состојба на работата. Необично дека се работи за риба, која мнозина нас ја сметаат слатководна, мада првиот дел од својот живот го спроведува во море и се враќа во море да угине- јагула...“.

„...Точно се знае дека одрасната јагула во реките на Европа тргнува кон морето и го преминува Атлантикот до подрачјето на Саргашко море каде се мрести и умираат. Од јајцата подоцна се излегуваат ларви кои се движат кон бреговите на Европа. После три години патување стигаат во пролетта, до тоа време се претвоуваат во јагулички, се качуваат уз реките проведувајќи во ним неколку години додека не се згојат и одраснат, потоа кругот се повторува...“.

[1] Opšta enciklopedija LAROUSSE, Tom 3, Vuk Karadžić, Beograd, 1973, оригинал Париз од 1967 год..
[2] T.F.Gaskell..., Seas, Maps, and Men- 1962, Лондон, српско-хрват. Младинска књига, Љубљана, 1969.

Бидејќи јагулата си била и останала јагула, што важело и со ајкулата, истото важело и со човекот. Тој немал врска со било кој мајмун- со ниеден мајмун човекот не добил меѓупроизвод. Мајмуните ги имале сите човечки крвни група- човекот 0.

За да се потврди кога почнале потопите, доказ е рибата туна.

Авторот, на стр. 98/99, пиши: „После селидбата поради мрестењето голем број на туновите се движат кон север. Тие одат на запад околу Шкотска, потоа го поминуваат морето кон Норвешка, каде често ги ловат со харпуните, а потоа продолжуваат понатаму во Северно море. Зошто одат во Норвешка со подалечниот пат околу Шкотска вместо низ Англиски канал ? Едно од објаснувањето е дека таа селидба се продолжува од денот кога Британските острови, пред повеќе од 10.000 години биле поврзани со европскиот континент и кога немало Англиски канал...“.

Харлад Харман,[3] во поднасловот „Климатски последици“, на стр. 19/20, пиши: „Процесот на глобалното климатско затоплување, кој одприлика пред 12500 години се вклучи и уште некое време после потопот се задржа...Околу 6200 п. Хр. се вклучи мало ‘ледено доба’. Ладниот период се простирал до околу 5800 п.Хр.“.

„Големиот потоп околу 6700 п.Хр., едно мини- ледено доба меѓу околу 6200 и 5800 п.Хр., тогаш брзо затоплување околу 5800 п.Хр.- консеквенции на големото променување на околината за начинот на живот и културата на луѓето на црноморскиот регион се огромни...“. (Црно Море бил подоцнежен дел на Левантот, Р.И.)

Следи заклучокот дека Белците живееле во Левантот, кој со потопите почнал да се полни и со морска вода. Како тој се полнел со морска вода луѓето бегале. Меѓутоа, најбитно било дека најбитна била 5800 г.п.н.е. Токму затоа ништо не било постаро од таа година во Индија, Кина, Јапонија- дотаму стигнале Белците.

Тие патувале со волски коли, а говедото било од Левантот. Следи египетското и бригиското говедо биле со исто потекло- само бригиското имало понатамошен развиток. Па поради говедото и свињата била крвна група А-вегетеријанска.

Белците биле со фина коса, густа брада и обрастено тело наспроти темните раси со потекло од времето кога немало континенти, кога Јужна Африка била споена со Индија- темните раси биле со густа коса, ретка брада и необрастено тело. Па постоеле и животни (коњ, говедо...) на белата раса- на темните раси (бивол, камила, магаре...). Бидејќи коњот не го познавале Индијанците во Америка, коњот бил на белата раса, со кого Белците стигнале во Кина..., а Монголите од Источна Азија околу 13.000 г.п.н.е. се префрлиле во Северна Америка, а околу 8000 г.п.н.е. стигнале во Јужна Америка. Токму затоа нивната ДНК е блиска на ДНК на Кореја и на Тајвант, само со крвна група 0 со која поради маласипаница и грипот изумреле преку 90%, што не било случај со Белците- Белци биле Маите... со крвна група 0 и А.

Флотата на Александар Македонски пловела кон Исток, трагајќи го крајот на светот. Следи таа стигнала во Америка- и тоа од западна страна. Токму затоа таа со себе однела и традиции од Македонија, Египет, Месопотамија..., градежи (пирамиди)..., египетски хиероглифи, фонетско писмо, египетски начин на балзамирање, жртвување на луѓе на боговите што било само од и по Александар Македонски итн. Само еден пример кај Инките- нивниот крал носел круна која била кралска=царска како што до денес во Македонија се круните на македонските женски играорки ...

За да се потврди дека имало покрај Индијанци Монголи и Белци доказ е токму крвната група А, која била на белата раса и вегеријанска. Ова се образложува

[3] Harlald Haarmann, Geschichte der Sintflut, Verlag C. H. Beck oHG, München, 2003.

на наједноставен начин. Бидејќи за да се создаде крвна група А и таа да биде вегетеријанска било нужно да се појави инфекција од животинско потекло, кое ќе биде повод луѓето со крвната група А да ја одбегнуваат животинската храна од животни кои се носители на тие зарази. Тие биле чумата на говедото и грипот на свињата, од што произлегла маласипаница и грип кај луѓето. Ова било повод Индијанците Белци да не страдаат од маласипаница и грип, како што било со Индијанците Монголи со крвна група 0 која била само месојадна за лов и риболов. Бидејќи во Централна Азија била создадена крвната група В кај Монголите, кога тие од Источна Азија дошле во Средна Азија, што важело и за во Јапонија, каде Белците со своите животни веќе таму биле пристигнати со крвната група 0 и А, кај Монголите дошло до мутација и не се создала крвната група А на белата раса туку само крвната група В на Монголите. За да се потврди веќе кажаното, монголската крвна група В останала да биде истоветна со крвната група 0 на месојадци (рибари и ловци), само со разлика на крвната група 0 крвната група В нема доволно хлороводородна киселина да го активира пепсинот со кој почнува да се разлагаат белковините. И токму затоа луѓето со крвна група В уживаат кисели храни- за таа цел да се зголеми киселоста.

За ова да се дообразложи е наводот што Белците страдаат од големасипаница, а таа била од сипаницата на говедото. Исто така, Белците страдаат од грипот на птиците. Токму и ова потврдува дека големата сипаници и птичјиот грип не учествувале во создавањето на крвната група А и В- овие две болести денес се опасни.

Видлива е огромната разлика на Белците сточари и Монголите ловци и рибари. Бидејќи крвната група А била постара од 15.000 г.п.н.е.- со домашни животни говеда и свиња,а такви немало вон Левантот,тек потоа вон Мала Азија со Балканот, залудно е да се говори и за Подунавјето, поточно северно од реката Дунав со Црно Море, и пошироко вонбалканска Европа. Следи заклучокот, ако Подунавците и сите вонбалкански Европјани на нивните простори би биле домородци, тие на своите тн.домородни простори како Индијанците би изумреле преку 90%. Следи едноставен заклучок, сите вон-Балканци биле 100% со потекло од Балканот и Мала Азија.

Значи, Белците дошле и во Јапонија: Јапон=јап он, Јапет=Јафет, дури со 38% крвна група А на Белци, која е вегетеријанска, а сојата не ја поднесува крвната група В на Монголите. Пак, сојата била некое мешункаста култура на Белците, која од Источното Средоземје била донесена во Јапонија. И затоа следи сојата да ја има во Јапонија и западно од неа- во Азија. Исто така, таму било донесено јаболкото итн.

Бидејќи симбол на Белците им било сонцето, јапонското знаме е со сонце.

Таму стигнале Белци- расата аину + в + л + к = влакину=влакин у=бригиско дативно у, и во Кина, Индија итн., со бригиска кратка јака, градежи (пирамиди) ...

Сé ова говори дека Црно Море со устието на Дунав биле нов дел на Левант.

На Левантот му припаѓале Јадранот, кој бил река по кого се движела Охридската јагула сé до Саргашко Море, што важи и Егејот со јагулата од Пелагонското Езеро, ама и јагулатата по водотечението на реката Дунав сосе Црното Море итн.

Како што постепено биле преселбите кон север, така постепено се населувал Балканот. Следи тој да биде населен сé до реката Дунав, до која за време на Филип и Александар Македонски била Македонија. Бидејќи со по Александар Македонски добивале важност Илијада и Одисеја, веројатно, многу потоа имињата од нив биле пренесени во северниот Балкан. Со тоа што таквите имиња останале до денес, е доказ дека таквите имиња биле нови. Од друга страна, тогашниот јазик бил сло-

говен, а тамошните имиња останале како такви, без свој понатамошен развиток- поимите станувале подолги и подолги, дообјаснувајќи го значењето на поимите. Следи заклучокот, авторите кои им даваат значење на таквите поими, создаваат збрки.

За да се потврди дека Подунавјето немала никаква важност, е пирамидата во Босна. Таа била со старост со потопите. Следи најверојатно само околу 5800 г.п.н.е.

ПОДУНАВЈЕ

Српските автори на Подунавјето им даваат најголемо значење, што е и став на европската наука. Според нив, тоа било жариште на Европјаните...

Љубомир Кљакиќ,[4] на стр. 15, пиши за „Винча, нејзината цивилизација и Милоје М. Васиќ- родување на Европа“, почнувајќи со „Terra incognita.

Повикувајќи се на авторитативните истражувања на Винча и нејзината цивилизација кои со децении ги обавувал Милоје М. Васиќ, со многу, вредни аргументи, се покажува дека Балканот преставува матична област за која нас не обавестува и Хомер во своите епови.

Затоа Балкан е вистински истражувачки мајдан за критичка реконструкција на сите најбитни формативни моменти и слоеви на европската историја. Ама, и до денес ние имаме работа со таинствено подрачје и таинствено на луѓето непозната цивилизација и потекло. Вистинска terra incognita. Ипак, многу автори со убедливи аргументи го застапуваат становиштето дека управо тој цивилизациски простор е епицентрално подрачје на европската цивилизација, Прва или Стара Европа. На тој траг сум покажал дека Балканот е епицентрална зона на новиот еволуционен тек, како што Ричард Докинс го одредува полето на човечката култура. Докинсовата теорија, заклучуваме дека денес е сочуван корпус на балканските мемофондови произведен овде со текот на милениумот. Се бројни оние кои го делат ова мислење или застапуваат сродна теорија.

Кога 1876. година Милан Ѓ. Миличевиќ во Книжевна Србија ја споменал ‘Ѓаковата стена’, локалитет во атарот на селото Винча,познат по рушевините за кои во народот се раскажувало дека претставува остаток на манастирот кого го разрушиле Турците, никој не можел да претпоставува што за неколку децении ќе се мисли при споменувањето на името на ова село кај Белград. Веќе 1887. година, Иларион Рукавац ја реконструирал историјата на споманатиот манастир. Тој во членокот Судбина на манастирот Винча во Србија, на основ на примарната историографска граѓа, утврдил дека манастирот во Винча е подигнат по одлука на деспотот Стефан Лазаревиќ и дека неговата изградба траела од 1403. до 1427. година; дека после влегувањето на Турците во Смедерево 1459. година манастирот е запуштен; дека поново оживеал во време на обновата на Пеќката патријаршија, на патријархот Макарија Соколовиќ (1557- 1573) и неговиот роднина, големиот везир Мехмедпаша Соколовиќ; дека после 1611. година манастирот поново опустел;дека, поново, се обновува неговата работа, а самиот манастир се вика Нова Винча; дека во периодот од 1683. до 1699. поново опустел; дека монахот Пајсије, Грк од Крф, ја обновил неговата работа 1728- 1729, те дека последниот игумен Теодосиј избегал во Бездан 1740. година, после што манастирот Винча конечно е разорен.

[4] Ljubomir Kljakić, Oslobađanje istorije I- III, prva knjiga, Početak puta, Arhiv Kljakić, Beograd 1993.

Јован Жујовиќ,втемелувач на модерната археологија во Србија, 1893. година и скренал внимание на јавноста на друга важна димензија на винчанскиот локалитет, на неговите неолитски слоеви. ‘Наголемо селишта од неолитско доба се откриени кај Винча крај Дунав, Барајев, Ропочев и Немениќуќа, кај Бања под Венчац, кај Шабац и кај Птињац близу Ваљево’, пиши Жујовиќ.

Љубомир Стојановиќ во првите три книги Стари српски записи и натписи 1902, 1903. и 1905, објавува неколку написи за манастирот Винча како место каде се пишат книгите (730, 731, 755, 758- 760, 768, 995), за списоците на книгите кои можат да се најдат во манастирската библиотека (4583, 4583), како и за Нова Винча (1513, 2574, 2626).

Кога 1905. се појавила третата книга на знаменитата Стојановиќева збирка, младиот доцент Милоје М. Васиќ се запознал со првите предмети ископани на локалитетот Винча. До тогаш, Васиќ ги обновувал археолошките истражувања во Големото Градиште, Виминациум, на Жолтото Брдо и другде. Објавил и повеќе трудови од обласа на античката и словенската археологија. Првиот труд за праисториска Винча ја објавил 1906. година. Бидејќи 1908. ги обавил првите самостални ископувања на тој локалитет, Васиќ ја објавил и првата студија за неолитската Винча, која предизвикала големо внимание на светската археологија и сродните науки. Тоа бил неговиот труд South- Eastern elements in the prehistoric civilization of Serbia, објавен во угледниот Annual of the British School of Athens. Наредните ископувања во Винча Васиќ ги објавил 1911- 1913, 1924. и 1929- 1934. година. Овие истражувања се финансиски и стручно ги подржале Рускиот археолошки институт од Цариград (1911- 1913, студиско патување 1922. во Египет и на Крит), Народниот музеј од Белград 1924. и Чарлс Хајд 1929- 1934. Резултатите на овие истражувања Васиќ ги публикувал во четворотомното издание Праисторија Винча. Објавувањето на веќе припремене англиско издание на Васиќевата Праисториска Винча го оневозможила Втората светска војна.

Милоје М. Васиќ од почетокот му се спротиставувал на владејачката доктрина тв. ‘нордиска’ школа во европската археологија. Доследно ја развивал аргументацијата за Винча како јонска колонија. Клучот за разбирање на таа неолитска заедница најдувал во митовите за Хиперборејците и Аргонаутите. Во Херодотовите вести, Хомеровите епови и, посебно, во скруполозните компаративни истражувања на Винча и археолошките локалитети Египет, Месопотамија, Троја и античка Хелада. Неговата реконструкција на винчанската заедница и нејзината цивилизација била критички доследна, национална одговорна и тотална: сите ‘спратови’ на живот на заедницата се размотрени уз свест за нивната мултидимензионалност и повеќеструката просторна и временска условеност. Методологијата на тогашната археологија била основно истражувачко средство на Милоје М. Васиќ, ама тој не се задоволувал само со нејзините можности. Интердисциплинарноста на Васиќевата методологија нам ни дава за право кога во неговиот опус истражување на Винчанскиот цивилизациски корпус, ја препознаваме филозофијата на историјата интерпретирана како мана и штетна на особенството меѓу овдешната ‘нордиската’ критичари на Васиќевата теорија. Нив, изгледа, можело да го збуни и Васиќевото расправање на рударско- металурското прашање на винчанското општество, зашто овој автор доста пишел бавејќи се со рудникот Шупља Стена на Авала и неговото значење во таа епоха. Анализирајќи го секјојдневниот живот и верување на Винчанците, Васиќ

пронашол дека тој комплекс на религија и митологија на неолитската заедница, најдобро може да се разабере со помош на резултатите на истражувањата на српската предхристијанска митологија и религија.Чајкановичевата анализа на култската употреба на житарица, како и неговата расправа за култот на мртвите кај Србите, Васиќ ја употребил за дешифровање на мошне сродни, а можда и идентични, обичаи на старите Винчанци.

Нашиот истражувач, на самиот почеток на својот труд во Винча, ја обавестил јавноста за важноста на знаците и натписите врежани на винчанската керамика. Тој ја застапувал теоријата дека овие врежувања заправо се слова на неолитско писмо. Васиќ прв пат скренал внимание на овие наоди и потреба на нивното понатамошно истражување во споменатиот членок објавен во Annual of the British School of Athen 1908. година. Во врска со Васичќевото откритие на знакови и натписи на винчанската керамика, споменувам дека 1903. година Хуберт Шмит објавил компаративни таблици на праисториски и антички писма: Тардаш, Троја, егејско писмо, писмо на египетската XII династија, протоегипетско писмо. Шмитовите истражувања, како и истражувањата на другите научници, биле ослонени на плодната пракса на истражувања на древната писменост во науката на XVIII и XIX век. Васиќ посебно пишел за знаците и натписите на керамиката на неолитската Винча во два членци објавени на германски 1910. и 1911. година. Во мнозина свои подоцнежни трудови за Винча, Васиќ упорно го истакнувал значењето на ова откритие. Тоа секако не можело да наиде на разбирање во владејачката ‘нордиска’ школа и кај нејзините доктринарни застапници. До крајот на животот Васиќ водел борба со застапниците на таа доктрина.

Ова убаво го покажува и неговата полемика со Артур Еванс. Еванс 1928. година ја објавил книгата The Palace of Minos II. Во неа ја изнел теоријата по која Минојската култура на Крит настанала под влијание на неолитската култура на Дунавската Долина, вклучувајќи го овде Бутимир и Винча, како и оние од подалечниот север, све до Саксонија. Васиќ 1929. година, во членокот Датирањето на Бутмир, го изразил несложувањето со оваа Евансова теорија. Како што Еванс својата теорија ја дефинирал анализирајќи ја S и C спиралата, два доминантна типа на критската спирала, така и Васиќ нуди противаргументи повикувајќи се на истиот материјал. Васиќ, накратко, ја сматра невтемелена претпоставка за влијанието што крајниот Север досегнал до крајниот европски Југ и Егеј. Тој изричито тврди дека е обратна претстава на овој тек на континталното прожимање на адекватни стварни историски чинители.За него југот вршел плоднотворно влијание на север, никако обратно.

Во белешката допишана по завршувањето на Датирањето на Бутмир, Васиќ вака ја дефинирал сопствената позиција: ‘При завршувањетото на овие редови ми доспеале в рака две последни свески на часописот Gnomon, Bd. IV (1928) во кој,стр. 601 и понатаму, B. Schweitzer го прикажува делото на Fr. Matz, Die Fruhkretischen Siegel, 1928.- писателот, Fr.Matz, и прикажувачот B. Scheitzer, стојат, во колку што гледам од овој приказ, на гледиште дека ‘спиралната’ декорација во северните предели на Балканското полуострово и во соседните области се постари од оние во Егејот... Тие се послушни следбеници, без свое лично убедување, учење свое- германска- школа која, на жалост во ова прашање застапува лоша ствар’.

Во опозиција на овие сфаќања Васиќ останал до крајот. Неговата Винча била сместена во периферското подрачје временско- просторна зона чиј ‘центар’ се

најдува во Јонија. Тоа бил млад свет. Хронолошка младост на Винча, на која инсистирал Васиќ, делимично е резултат на ограничување на тогашната наука, а делимично неговиот свесен избор. Млада Винча, во потполност, можела да се вклопи во европската југоисточна културо- цивилизациска зона со нејзиното античко средиште во Егеј. Неговите ‘нордиски’ критичари со право инсистирале на неубедливост на таа хронологија, сесрдно експлотирајќи во полемиката со Васиќ. Чинител на невтемеленост на таа хронологија за ‘нордистите’ бил тврд основ за сите други критички судови. Кога со текот на педесетите години дошло до вистинска револуција во археолозите, после откритието и експлотацијата на радиокарбонската метода во утврдувањето на хронологијата (метод С- 14), било едноставно да се тврди дека Васиќевата хронологија не е добра. Меѓутоа, не била добра ни хронологијата на неговите ‘нордиски’ критичари. Заблагодарувајќи на радиокарбонската револуција, неолитска Винча е датирана на период од шестиот до вториот милениум п.н.е.

Се поставува прашање зошто Васиќ до крајот инсистирал на младоста на светот кој го открил.Некои разлози веќе сум ги навел.Ево и една претпоставка. Можда Васиќ, определувајќи се за Винча како млад свет, имал на ум нешто многу поважно од својата теорија- самиот предмет на истражување. Со други зборови, можда погрешната хронологија била заштита за испитување на цивилизацијата. Историјата на истражувањето на Винча можда нам може да ни даде одговор за основаноста на една ваква претпоставка за истражувачката мимикрија. Како било да било, радиокарбонската револуција во потполност ја променила сликата на историското време, ама и самата историска географија. Цивилизацијата на централниот Балкан денес ужива висок статус на Прва или Стара Европа, а нејзиното влијание на сите четири страни на светот е потврден во широкиот европски, медитерански и анадолски простор. Васиќевото компаративно исчитување на Хомер, Херодот, како и приповеста за Аргонаутите и Хиперборејците, те неговото трагање за потврда на тие антички вести во Винча, не изгубило ништо од својата истражувачка возбудливост. Тој модел на анализа не е исцрпен. Во основа, тој тек е поставен. Тоа е голема Васиќева заслуга.

Така и Евансовата теорија од 1928, спрема која Васиќ покажал озбилни резерви 1929, со радиокарбонската револуција се јавува како снажен аргумент во при-лог на Васиќевата интерпретација на Винча и животот на таа заедница. Патот на S и С спиралата кој Еванс го нашол на Крит, почнал, ипак, во Винча. Тоа значи дека и одговорот на прашањето за изворот на линеарното А и В писмо од Крит, исто та-ка треба да се трага во Винча. Писмото кое е користено во неолитска Винча, било документирано во Васиќевите истражувања веќе 1906. и 1908. година. Ова писмо потекнува од VI- V милениум п.н.е. Затоа денес тоа се смета најстаро на светот. Марија Гимбутас не остава ни трунка сумливост:

‘Врезаните вотивни предмети говорат за постоење на староевропски линеарни знаци, и воопшто, мошне рана појава на писмо, од сега достапниот материјал може да се заклучи дека почетоците лежат на преминот од неолитското и халколидското доба (касно Старчево-Рана Винча во централниот Балкан), околу 5500-5000. год. пред н.е.. Понатамошната работа на писмото го чека разјаснувањето (ама да се види дисертацијата на Milton Winn, UCLA 1973),за анализа на знаците, книгата треба да се појави 1982.’ “.

Стр. 24: „Цивилизацијата Винча се простира на север до денешна Будимпешта, вклучувајќи ги овде и долината Тиса и западните Трансилвански Алпи; на југ, таа ги обфаќа областите до устието на Вардар во Егејско море, брегот и островата; на запад Винчанската цивилизација се протега до Горна Тузла, како што смета досегашната наука, ама поверојатно уште позападна дисперзија на нејзината материјална и духовна култура. Тоа го потврдуваат резултатите на истражување обавени на јадранските острови и во прибреговната зона, како и во Истра: тв. Impresso-cardium керамика од VI и V милениум п.н.е. со мотиви на спирали, меандри и ‘со снопови на линија и разни геометриски облици’. Исти резултати даваат и истражувањата на Апенинскиот полуостров, зашто подоцна ќе биде кажано. На исток, цивилизацијата Винча го зафаќа горниот тек на Марица и Понтското приморје, допирајќи се со цивилизацијата Триполје. Најповеќе до сега познатите археолошки локалитети на оваа цивилизација се најдуваат во средните области на Дунавската Долина (Гомолава, Белград, Винча, Бањица итн.), во долината Морава, на подрачјето Косово и Метохија, во долината Вардар и Македонија, во Романија и Бугарија, ама артефактите на материјалната и духовната култура на Винча се реконструирани на Егејските брегови, острова и понатаму сé до Анадолија; се откриени во долината Тиса и нејзините притоки на север“.

Ваквата цивилизација била само наследство на онаа од Левантот-не обратно.

А за да се постигне таков начин на живот, писменост... биле потребни уште многу повеќе милениуми на развиток. Следи ништо не почнало од Подунавјето.

Стр. 38: „Ама, да се вратиме на Васиќ. За прецизно разбирање на Васиќевата позиција, истражувачката амбиција и прегнувањата, најдобро ќе послужи мислењето кое за него го изрекол Милан Будимир 1951. година:

‘Колку ми е познато, проф. М. М. Васиќ бил прв во нашиот дел на Европа кој се дигнал против нордизмот и кој карпатско- подунавската култура ја довел во врска со културата на Анадол и источното Средоземје. Како што германските научници во поглед на антиката и истокот, ќе треба уште труд и време да се изврши ревизија на традиционалните сфаќања изградени во духот на нордизмот’.

Ова Бидимирово гледиште не само на правец со кој треба да се оди во намера да се разјасни Васиќевиот децидни став во завршените делови на цитиртаниот труд за Винча. Веќе и оние негови ставови за очигледната неможност во тој случај да се примени методологијата (староста на парата како аргумент за утврдување на староста на гробното место), која тогаш се користела во археологијата“.

Стр. 40: „М. М. Васиќ своето мислење за предметот спор го изнел во краткиот членок Дириговaна археологија, објавен пет години подоцна. Основниот проблем Васиќ го видел вака:

‘Од средината на минатиот век во ‘Праисторија’ се појавил такавиканата ‘нордиска теорија’, која тврдела дека културата во Југоисточна Европа поникнала во Германија, откаде се распрострела и на Југоисток. Дури се наведени и локалитети кои биле нејзини центри. Под заштита на авторитетот таа теорија оберачно е прифатена, оти му годела на националниот егоизам на југоисточната територија на Балканското Полуострово, каде ‘Праисторијата’ уште не ни постоела. Тоа не е чудновато ама е жалосно кога сретнуваме и денес приврзаници на таа теорија која овде на науката и нанела неспоредливо повеќе штета отколку користи. Дали има

лек против ова очевидна заблуда ? Наравно дека има, ама тоа е скап и скопчен со долг и напорен труд.'

Основна релација на која Васиќ инсистира и овде, есте врската меѓу подунавската култура Винча и културата на Егејската област. Тој оваа врска со разлог ја смета несумлива. Наравно, установувајќи ја оваа врска тој не можел другчие да ја разрешио туку во однос кој се воспоставува со Јонската колонизација во длабина на балканскотo копно и Подунавјето. Со тоа, смета Васиќ, на најделотворен начин ја потврдува културната врска меѓу Анадолија и Балканот во праисторија и античко време. Подоцна датирањето на Винча, ама и културата која неа и претходи, Лепенски Вир и Старчево, ќе покаже, меѓутоа, дека Васиќевата теорија овде е најслаба. Неговите 'нордиски' критичари- ќе се види- биле во право напаѓајќи ја Васиќевата хронологија како најслабо место на неговата теорија. Ама, ни хронологијате која ја понудиле 'нордистите', не го решила проблемот.

Васиќ, меѓутоа, бил во право во поглед на својата основна претпоставка за културните, економските, индустриските, металуршките, трговачките,уметничките, митолошките, религиозните и другите врски меѓу балканската Дунавска Долина и Јонија. Реконструрајќи ја географијата на неолитскиот свет на Балканот, Анадолија и соседните области, тој доследно се држел на долументираните чинители за трговските и другите комуникации на тој свет.

Документирана е единствена мрежа на водени комуникации во тој простор. Имагинарниот патник, одејќи од Винча, со својот брод едноставно стигал во Црно море пловејќи по Дунавската водена магистрала; од Црно море можел да вплови во Егејско, а оттаму во Сино или Јадранско море; во колку потребите наложувале, можел да доплови до крајната северозападна точка на Јадранот и, бидејќи би го совладал копнениот пат преку Истра, можел по реката Сава повово да вплови во Дунав на Устието. Тогаш веќе бил кај куќата во Винча. Да се сетиме на бројните речни сливови кои ја поврзуваат Дунавската Долина со Јадранско и Егејско море, лесно ќе видиме дека нашиот замислен морнар од Винча имал на располагање и бројни други можности. Тој го користел јантарскиот пат кој од Дунавската Долина, Висла и Одра на Балтик. Во II милениум п.н.е. трговската комуникација меѓу Дунавската Долина, Јадранот и Егејот биле мошне живи. Цинобарит од Шупља Стена се извезувала во Троја и Анадлија, како и на јадранските острови. На керамичкиот фрагмент, пронајден во Грабничката пештера на островот Хвар, е врежана најстарата позната претстава на брод во Европа. Тој артефакт е датиран во 2700. година п.н.е. Моноксил, вид чамец од издлабено дрво, е користен на целиот матичен простор во Винчанската цивилизација, од Дунавската Долина до Сино море и југот на Балканот. Византиските извори споменуваат моноксил како пловило карактеристично за Словените. Фрагменти на Винчанското писмо исто така се документирани на овој простор, што го потврдуваат и 'сноповите линии и разни геометриски облици', врежани во керамички фрагменти најдени на јадранските острови. Овие фрагменти се датирани во VI и V милениум п.н.е.".

Белците од Левантот низ Европа трагале рудно богатство. Каде тие такво ќе пронајделе, таму подигале населби. Во прво време рудата се превезувала до Леватот, а потоа и во Егејот, тек потоа рудата на лице место ја топеле, и преработувале.

„Жителите на неолитска Европа, значи нашите претци од Винча, ја користеле оваа разгранета мрежа на речни, морски и континетални патишта. Тоа го по-

тврдува Аполониј Роданин во епот за Аргонаутите, а исто така и ‘таткото на историјата’ Херодот. Прокопиј за Балканот пиши како за острово поради неговите импресивни водени комуникации:Дунав, Црно, Егејско и Сино море го опкружува тоа копно. Јасон и другарите добро се намачиле патувајќи со тие речни, морски и континентални магистрали во трагање за златно руно.

Подоцните истражувања и попрецизна хронологија овозможена со радиокарбонската револуција, го потврдиле начелниот Васиќев став. Исто така, тие истражувања влијаеле Винча да го промени местото кое го зазема во неолитската географија: со јонската периферија каде во својата слика ја сместил Васиќ, Винча се поместила во центар на неолитската географија. Со тоа резултатот на истражувачката реконструкција најпосле постанал адекватен стварен со временски и просторни димензии на својот предмет: Винча е Прва Европа. Изгледа дека на Прокопиј и на другите византиски експерти овој чинител не им бил непознат. Прокопиј, наиме, пиши дека Европа е само она што се најдува на Балканското острово, значи јужно од Сава и Дунав. Тоа е владеечко мислење во доба на Прокопиј и царот Јустинијан, значи во VI век“.

Прокопиј и другите римски (ромејски) автори не ја познавале Винча, која била затрпана, што важело и за целото Подунавје, а и за другите низ цела Европа.

„Резултат на овдешната ‘нордиска’ пресметка со Васиќевата теорија била и таа што значењето на Винча и нејзината култура е прво потврдено во странство дека аргументирано е докажано нејзиното ‘првенство’ во историјата на европската цивилизација, вклучувајќи го овде и ‘првенството’ во историјата на светската писменост. После Васиќевата смрт, иако Бранко Гавела продолжил да го застапува тој концептски модел, нашата археологија се ‘откажала’ од оваа истражувачка и имагинативна можност, иако таа и овде можела да доведе до идентични резултати. Ова ‘одрекување’ не бил резултат на автономен истражувачки процес или развој на археолоогијата. Тоа е резултат конечно воспоставен на доминација на ‘нордиската’ догма. Затоа и денес се актуелни Васиќеви захтеви, кои во членокот Дириговната археологија, им ги упатил на овдешните застапници на ‘нордиската’ школа:

‘Пред сé, јас захтевам од приврзаниците на ‘нордиската теорија’ да покаже и одреди ма кој археолошки локалитет во нашата област, кој не содржи ни еден елемент на грчката култура... Друг мој захтев е уште потежок за нив.

Како смеат да се игнонираат Херодотовите податоци за реките во нашата област, кои тој нам ни ги бележи ? Зар Аргонаутите на Дунав и на Јадранско Море е пука измислица, а не факти кои лесно е да се утврдат на теренот ? Зар смееме да ги превидуваме Херодотовите податоци за Агатирсите или за Хиперборејците во врска со Делос, дури ако се прима како точно дека тој за Хиперборејците најповеќе дознал на Делос ?’ “.

Густи нови до стари населби во Подунавјето немало- без никаква важност.

Па нема ниеден материјален доказ/наод на народ дојден северно од Дунав.

Антоније Шкокљев,[5] на стр. 55, пиши: „...Кога Триптолем постанал крал на Елеусин, божицата му подарила жито и кола со крилати змаеви за потоа му наложила да тргне во свет и да ги поучи луѓето да одгледуваат житарици. Поминал многу земји и стигнал до Скитија. Скитскиот крал Линк, од Линкестиј во Македонија, поради љубомора намерувал да го убие, ама го спасила божицата Деметра“.

[5] Антоније Шкокљев, Праисторија централног Балкана, Пеши¢ и синови, Београд, 2011.

„Ослонувајќи се на епистемолошки лингвистички истражувања и сознание дека Балканот претставува архитипски центар на сложените етнолингвистички појави, митолошка Бореја ја лоциравме во централниот дел на Македонија, između Ематија и Пелагонија. Тука и денес, во грчките географски карти постој ороним Бореј (oros Voras) на македонската Ниџе планина, со најголемиот врв Кајмакчалан, (2521) како и ороним Бореј на планината Бабуна, између Прилеп и Велес. Од ова може да се заклучи дека Бореадите биле племиња кои заземале простор во сегашна централна Македонија, северно од Ематија, долж планинскиот венец Ниџе (Voras)-Кожув. Тоа биле митолошки и антички Бореји, додека северно од нив биле Хипер-борејци“.

Значи, житарицата била јужнобалканска со Бореја, а северно Хипер-бореја.

Антоније Шкокљев, стр. 251, пиши: „Земјата на Пелагонците е Пелагонија и значи плодна равница, а во сливот на реката Еригон (Црна река), притока на Аксиј (Вардар) во Македонија. Митолошки назив на оваа област е Бореја, спрема планината која го окружува и тоа јужно Бореј (Vorras), те. Ниџе (Кајмакчалан) и Козјак, а северно исто така Бореј (Vorras)- Бабуна. Жителите биле Бореади- Севери. Во Теогонија, Бореј (Vorras) е бог Северец, најјак од сите ветрови, живее во долината на Стримон. Им служел на Посејдон и Зевс, според неговиот налог, предизвикувал страшна бура. Во вид на пастув вршел оплодување на кобилите на Дардановиот син Ерихтониј, предокот на тројанската кралска куќа. Посеверно од нив биле Хиперборејците, под општ назив, за народите (луѓето, Р.И.) посеверно од нив“.

Следи да се говори за писменоста во Подунавјет. Наодите си биле и останале наоди.Меѓутоа,со староста на писменоста на наодите на Подунавјето не почнала човековата цивилизација. Токму и затоа до доаѓањето на таков степен на писменост не почнала човековата цивилизација- таа морала да биде многу постара, барем пола до милион години, кога белата раса престојувала во Левантот, и оттаму со потопите писменоста ја пренесле секаде каде што Белците дошле-тие дошле во Кина, Јапон...

Во прилог се наведува, што Лидија Славеска,[6] на стр. 35, пиши: „Оваа констатација се потпира врз силната и непобитна аргументација добиена како резултат на археолошките истражувања на Литванката Марија Гимбутас врз археолошките наоди со писмени знаци од културниот круг кој се означува како Стара Европа-‘Alteuropa’. Тие револуциоинерни откритија беа инспиративна подлога Харолд Харман да ја напише најсеопфатната документирана историја на сите досега познати системи за пишување...Прецизното хронолошко одредување со примена на радио-карбонска метода, ревидирана со дендрохронолошка метода, покажува дека почетоците на старото балканско писмо датираат од крајот на 6000 година пред Христа и што е најважно, се домородни.’...“

Следи фуснота: „H. Haarmann, Universal Geschichte, 73- истакнува дека меѓу првите писмени докази на Винчанската култура и најстариот сумерски запис лежат околу 2000 години, па затоа отпаѓаат претпоставките дека евентуално некој сумерски трговец го пренесол познавањето на сумерското писмо во Стара Европа што значи дека Винча е постара од сумерската писменост“.

Сумерите и Балканците биле еден ист бел народ со потекло од Левантот во кого се развивала човековата цивилизација на белата раса. Меѓу Сумерите и Балканците имала една разлика- Сумерите и Египтјаните биле со закосени очи, како што

[6] Лидија Славеска, Македонската генеза, Матица македонска, Скопје, 2008.

денес се и Берберите. Од сумерската цивилизација останале наоди без прекин сé до денес,а онаа за Подунавјето никој не ја познавал, додека таа не била откопана. Исто било и со на Белците, кои стигнале во Кина (мумии),градежи...,како и Јапонија итн.

Кај Љ. Кљакиќ, на стр. 48 е наслов: „6. Винчански знаци и натписи се откриени 1906, прв пат се публикувани 1908. година, ама ни денес цензорски комитет кој управува со науката во Србија не го признава постоењето на винчанското писмо.

Реконструкруирајќи ја историјата на истражувањето на Винча, а посебно историјата на проблемите со кои тоа истражување се соочувало, можемо да ги реконструираме и сложените појави кои, поединечно или во збир, пресудно влијае на утврдувањето на историската вистина и на димензијата наша на поединечна и колективна слобода. Во случајот цивилизацијата на Винча, оваа можност најдалекусежно може да се демонстрира низ историјата на истражувањето на Винчанското писмо.

Како што е речено, 1908. и 1911. година Васиќ во своите редови на англиски и германски јазик публикувал примери на врежани знакови и натписи на неолитската керамика од Винча. Во подоцнежните трудови, тој продолжил да ја објавува оваа документација, развивајќи ја теоријата за 'знаците' кои имаат вредност и значења 'слова', 'натписи' и 'писменост'. Така, на пример, во Праисторија на Винча, нашиот автор го застапувал овој недвосмислен став:

Љ. Кљакиќ, на стр. 30: „Сеќавањето на Александар Велики, Александар Македонски и неговиот легендарен коњ, останало сочувано и во нашата народна поезија (Верковиќев ракопис во САНУ). Во српската народна и црковна традиција се чува и спомен на уште една космократорка, на царот Јустинијан, викан и Управда. Во тоа сведочи и Никанор Ружичиќ, кој го споменува овој цар како Србин. И денес има автори кои го застапуваат сфаќањето за Јустинијан како Словен, веројатно Србин: ‘СВЕТИ УПРАВДА- ЈУСТИНИЈАН I, ЦАР РОМЕЈСКИ. Со потекло Словен, веројатно- Србин, од околина Липљање. Го наследил престолот на Јустин, и владеел од 526.- 565. година’ “. (Јустин=ј устин; Јустин=Ӱустин, Р.И.)

Јустинијан=ј уст ин ан, уста=иста=виста=биста, истина=вистина, правда. Тој бил само едно Римјанин.Тој бил со потекло од скопско, а Срби немало сî до 19 век.

Со Константин, Јустинијан... се потврдува дека царевите биле домородци.

Иво Вукчевиќ, на стр. 35, наведува: „...Средината на XIX век фратарот Стефан I. Верковиќ (1821- 1893), ... од едно село близу Градац во Босна, го напуштил фрањевачкиот ред и постанал упорен трагач за слава. Неколку години подоцна Верковиќ го објавил својот magnum opus Словенска Веда (1874-1881), двотомна збирка на народни песни и слични материјали од...[Македонија] Засновани во потполност на истражувањата на својот помошник, извесниот Ј. Економов..., Словенска Веда...“.Па следи Македонците биле/се домородци со Филип, Александар, Букефал.

Бранко Вукушиќ, на стр. 98, пиши: „...Во книгата ‘Веда Словена’ која на крајот на минатиот век ја објавил наводно на српски (всушност на бугарски) во Белград и Сант Петерсбург- Стефан Илиќ Верковиќ, се дава заедничката постојбина во словенската ведска традиција, попрецизно отколку во светите книги на индуизмот и зороатризам, за кој тој север навистина е далеку“. (Само македонски јазик, Р.И.)

Следи дека преселбите биле само по долините на Вардар- Морава- Дунав...

Како што било, тоа и останало во новата ера, што се гледа и кај Љ. Кљакиќ.

Љ. Кљакиќ, на стр. 23 пиши, што „наведува Јован Цвииќ во Балканско полуострово, ‘почнувајќи од крајот на XIV век па до крајот на XVIII век историските споменици споменуваат осум главни селидби’. Со текот на овие селидби, ‘косовско- метохиската струја’ и ‘вардарско- моравската или јужната струја’, заедно со ‘населението на моравска Србија (нарочито со населението на Ибар и Западна Морава, со населението на Смедерово, Пожаревац, Хомолија и со старото население на тимочката област)’, формирале нови селидбени струји. Тие ‘нови селидбени струји’ ја преминувале Сава и Дунав и се населувале по панонскиот базен и Ердељ, ‘меѓу старото словенско население’ “.

Бидејќи досега никој не нашол материјален доказ/наод (животно, растение, кола, дел од неа и од колце, предмети, сад, пара...) за преселби, никогаш северно од Дунав немало преселби на Балканот, кој до Дунав до 1808 година бил Македонија.

Бидејќи на Балканот живеел еден народ Пелазги, следи тн.словенска Троја.

## ТН.СЛОВЕНСКА ТРОЈА

Овде се говори за Троја во Илијада- таа била пишана на тн.словенски јазик.

Лидија Славеска, на стр. 129, пиши: „Во контекс на вака поставената проблематика ќе треба да обрнеме превосходно внимание на јазикот како еден од најзначајните атрибути на нацијата, односно народот, бидејќи како што своевремено истакнал П. Кречмар: ‘Ниедно културно богатство не е толку трајно и долговечно како што е јазикот. Особено се непороменливи и постојани имињата на местата, дури и тогаш кога населението се променило’. Во тој правец ќе го разгледаме повторно значајното научно сознание за постоење на блискост на македонскиот современ јазик со Хомеровиот јазик, односно на словенските јазици со јазикот од постарите лексички наслојки во Хомеровиот еп ‘Илијада’. Тоа своевремено, уште во далечната 1815 година го констатирал германскиот лингвист Л. Ф. Пасов, а веќе во 1845 година неговиот труд за Хомеровата лексика е преведен на англиски од Х. Џорџ и објавен во Њујорк.[13] Во својот труд Пасов утврдил дека голем слој од Хомеровата лексика во ‘Илијада’ ѝ припаѓа на лексиката од словенскиот јазичен сојуз. Бидејќи македонскиот јазик припаѓа на овој сојуз, а според повеќе истражувачи античкиот

---

[13] L. F. Passow, Lexicon of the Greeck Language, 1845.

македонски јазик бил истороден со пелазгискиот како најстар балкански јазик, сосема е оправдан заклучокот дека Хомеровиот јазик е навистина близок до современиот македонски јазик во одредени лексички елементи кои се зачувани во постарите изданија на 'Илијадата'...".

Како што имале мноштво дела на просторите од Египет до со Месопотамија, како и во Индија- Ведите, Пизистрат (6 век п.н.е.) решил за потребите на Атина да се создаде слично дело. Следи тој го задолжил Редакцискиот одбор кој од три простори го создал делото Илијада. Бидејќи во неа ги има и Јадранските острови, а тие биле населувани од 6 век п.н.е., што се потврдува археолошки и според наводите на Херодот за истиот век населување на Јадранските острови, Илијада била составена во 6 век п.н.е. Исто така, во неа тн.Троја била коњарска и говедарска- значи во Пелагонија со Пелистер, зашто одговораат наводите за меѓу Црна Река и Шемница- на запад висока планина, а на исток езеро (море) итн. За да се потврди дека Илијада била фалсификат, во неа има магаре кое живеело од Египет до со Месопотамија, а него во Мала Азија и на Балканот го немало и за време на Херодот. Како што во Илијада имало магаре,исто било и со Атлантида-делата биле атински фалсификати.

Антоније Шкокољев, на стр. 132, вели: „Пизистрат е Хипократов син, владеел со Атина седумнаесет години (560- 543), односно три пати е биран за тиранин и три пати бил прогонуван (шеснаесет години). Негово доба се смета најславно време во историјата на Атина, а тој најголем политичар. Аристотел за него изнесува дека бил 'голем хуманист, милостив и демократски етичар, способен политичар и војсководител'. Покрај тоа, Пизистрат прв ги собрал разасутите Хомерови дела, кои се сочувани до денес. Умрел 528/7. г. пред н.е. После неговата смрт, владетел (архонт) на Атина постанал неговиот син Хипија, кој управувал со државата до 520. г. пред н.е. Него го наследил неговиот син Хипарх, до 514. г. пред н.е.".

Лидија Славеска, на стр. 131, пиши: „...Пизистрат, во 566 година наредил да се...накити 'Илијадата'...Многу е показателен и аргументот што го наведува Платон во дијалогот меѓу Ион и Сократ, кога ја пренесува фалбата Ионова: 'Навистина прилега да се чуе, Сократе, како сум го накитил Хомера ! Сметам дека сум заслужил да бидам овенчан со златен венец од Хомеридите'. '...".

Антоније Шкокољев, на стр. 123, пиши: „За првите жители на Атика и Атина сведочи Херодот кој изнесува дека Атињаните воделе потекло од Пелазгите и дека тие Атињани никогаш не излегувале од земјата. Според Херодот кој истакнува дека тие изронуваат од митот, за Пелазгите пиши уште Хомер, Диодор, Страбон и други. Меѓутоа, Пелазгите биле заборавени во следните периоди и тек во XIX век на нив скренува внимание Фитботен (1862), кога се раѓа 'пелазгологијата' како современа наука за Пелазгите...".

Во Атика се говорел атички- на кого не се пишело, а службен бил јонскиот.

Следи во Атина се говорел само варварски=пелазгиски јазик, кој бил Платонов. Делото Илијада било пишано само на пелазгиски=тн.словенски јазик, а тек потоа делото било преведено на македонскиот јазик коине, кој бил Птоломејов.

Бранко Вукушиќ, на стр. 20, пиши: „Салинас мошне критички ја истакнува улогата на Грција во присвојување на целокупното тројанско наследство, кое почнало уште во античко доба со преведувањето на Илијада и Одисеја од 'непознат јазик' на грчки и преземање на тројанското наследство како автентично грчко од страна на Римјаните".

Стр. 22: „Следни заклучоци за историчноста на Илијада, Салинас смета дека Хомер во своето дело говорел за 'Троја како сојуз на бројни илирски племиња'...".

Стр. 33: „Од важност е и ставот на Салинас за 'илирскиот раст и експазионизмот', кои ги доведува во врска со растот на македонската империја, со втемелување на олимписките игри 776. г. с.е. во Олимпија. Според Салинас, Олимпија е илирско име за небо (Олимпија инаку е старо македонско- илирско име, често меѓу македонските принцези, те како и мајката на Александар Македонски, исто така се викала Олимпија). Македонско, словенска империја, најголема империја...".

Стр. 46: „Историски чинител дека Илијада и Одисеја преведена од Грците од непознат јазик за време на Пизистрат во 6. век с.е.. Било тоа бар 500 години после датумот кој самите Грци го одределе за датум на тројанскиот бој (1183. г. с.е.). Елијан, грчки учител на говорништво во Рим (3. век н.е.) сопштува, скоро илјада и пол години после падот на Троја, дека овој јазик им припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданите од семејството на древните Пелазги. Веќе сме кажале дека на место каде подоцна била изградена грчка Атина, пред дорската инвазија, се најдувал пелазгиски град Пелазгон. Од Пизистрата до денешната званична верзија, која е направена во Александрија во 3. век с.е., имало повеќе воглавно грчки доработки на Илијада. Аристотел располагал со другачија верзија од нас позната. Платон во својата 'Република' го моли за опростување од Хомер што се бришани некои места 'кои го наведуваат моралното чуство на Грците', со што се подразбира дека ни за него Хомер не бил Грк...". (Грк=Хелен, Р.И.)

Од наведеното се гледа дека се говори за илирско, кое било само бригиско.

За да се потврди дека во Далмација со Неретва не може да биде Троја затоашто Троја била на простори кои биле говедарско- коњарски, а со говедото оди свињата. Токму за овие животни немало и нема благопријатни услови. Следи во Далмација на приморските ниски простори каде е топло е магарето, а на планината коњот.Меѓутоа, на ниските приморски простори говедото и свињата доволно не јадат.

Исто така, во денешна Скиптарија коњот и говедото се помали- запечени.

А. Шкокљев, на стр. 64, пиши: „...околу Преспанско езеро, кое тогаш се викало Бригиско езеро, те. Brygeis limne, што во превод значи земја на клокот. Во охридската равница и денес постои топоним Клокот, со сулфурен извор кој клокоти.

За Бригите Херодот ја дава следната информација: 'Фрижаните, по раскажување на Македонците, во време додека живееле во Европа и биле соседи на Македонците, имале име Бриги а кога се преселиле во Азија, го промениле истовремено и завичајот и името и се нарекле Фрижани.'

Спрема археолошките и историските истражувања, најголем број автори прото-Бригите ги лоцира на просторот између Преспанско езеро, Драч, Јужна Албанија и Епир, или попрецизно во горниот дел на реката Еригон, притока на Вардар а нивните соседи биле Енхелеји, Партини, Деуриопи и Македонци. Главен град на Бригите бил Кидрај (kydros- славен) на северозападната планина Варнус (Баба), покрај брегот на Преспанско езеро (limne brigeis)".

Херодот, во VI-45, вели: „На Мардониј, пак, и на неговиот пешадиски логор, кој се наоѓал во Македонија, нападнале Бригите, трачко племе...".

За Б.Вукушиќ: „Елијан, грчки учител на говорништво во Рим (3. век н.е.) соопштува, скоро илјада и пол години после падот на Троја, дека овој јазик припаѓал на илирските Бриги, сродници на Дарданците од семејството на древните Пелазги".

Просторите на Бригите за Херодот денес се брзјачки. Барлети (16 век) ги наведува Бригите- денес се Брзјаци=брз јак: брз=брж= брг следат презимиња Бргле ...

Во белградски „НИН“ од 25. јули 2002 кај Прајс стои за големиот допринос на Илирите во Тројанската војна и запоставениот историчар Мојсија Хоренски. Овој опишувајќи го Илиј рекол дека градот лежи во земјата на Ахајците, во соседство на Пелопонез и ЗАПАДНО од Солун и од Македонија, во земјата Европа. Овој драгоцен податок на Мојсија Хоренски го користел и Стефан Византиски,[14] кој бил црковен поглавар.

Стефан Византиски пиши: „...западно од Македонија, во земјата Европа...“.

Па следи Троја била „западно од Македонија, во земјата Европа“-во Бригија.

Антоније Шкокљев, на стр. 127, пиши: „Меѓу кралевите на Атина се споменува Ерихтониј, кој од Пракситео имал син Пандион и го установил празникот Панатенеја.

Пандион кога постанал крал на Атина бил осми по ред потомок на Ерихтониј. Неговиот син бил Егеј, кој во митологијата е познат по тоа што дошол во судир со критскиот крал Миној, Феникијец. Критската војска ја опседнала Атина, а земјата ја пустошеле неродица и глад. Да би ги спасил своите поданици и земјата, Егеј, според своето пророчоштво, ги прифатил Минојевите услови за мир и се обврзал да се испратат на Крит седум девојки како храна на Минотаурот, чудовиште со човечко тело и глава на бик. Минотаур бил плод на Минојевата жена Пасифија и Појседоновиот бик. Миној да би ја скрил големата срамота, го повикал архитектот Дедал, внук на атинскиот крал Ерехтеј, кој го изградил Лабиринтот, дворец од многубројни, замршени ходници. Кралот на Атина Егеј, со Етра ќерката на трезенскиот крал Питеј од династијата на Пелопида од Фригија те. Бригија од Македонија добил син Тезеј,кој постанал најголем атички херој“.(Лавиринт=л а вирин- вири, Р.И.)

Следи врската со Бригија, која била Европа, со својата тн.Троја- на Илијада.

А. Шкокљев, на стр. 251, пиши за Пелагонците, врската со Бореј... „ Им служел на Посејдон и Зевс, според неговиот налог, предизвикувал страшна бура. Во вид на пастув вршел оплодување на кобилите на Дардановиот син Ерихтониј, предокот на тројанската кралска куќа...“.

Тн.Троја била коњарска (Пелистер) и говедарска(Пелагонија)-според нозете.

„Непосредни соседи на Пелагонците на југ им биле Алмопии- Соларите, северно-источно Пеоните, северно-западно Линкестидите и Деуриопите.

Главен град бил Пелагонија на брегот на Еригон“.

Следи Скамандер (Еригон): Скамандер=с камен дер, дери, имало град Дерион, која го однела=одрала водата. И Курдерес=к ур дерес: ка(ко) на ј-уриш дереш.

Антоније Шкокљев, на стр. 196, вели: „Под името Ксант потоела и река кај Троја, подоцна наречена Скамандар, сега Мендере-Су. Во митологијата постој induced речен бог Ксанто. Кај древните Македонци, Ксант е бог на светлоста, додека Ксаник бил наречен еден месец во годината. Зборот ксант припаѓа на палеобалканската глосологија, а современите лингвисти го означуваат како непознато потекло. Неговото значење е само смеѓ, плав,жолт,рус“.(Македонски плав е плаво, да плави,Р.И.)

Меѓутоа, Ксантик=к (ко=како) сант ик: сант=сонт, т=ц (пита=пица) сонце.

---

[14] Нада Проева, на стр. 43, пиши: „Стефан од Бизантиј (Stephanos, VI век н.е.) напишал „Географски лексикон за народите (Ethnika или Peri poleon). Тој користел извори од сите претходни периоди, па кај него има податоци дури и за градовите од V и VI век п.н.е...“. „Илијада“ била само од 6 век п.н.е.

Бранко Вукушиќ пиши: „денешната званична верзија, која е направена во Александрија во 3. век с.е.“- Илијада на коине била преведена само во 3 век п.н.е.

Па сите Европјани говорат за Тројанско потекло, поврзано со Македонија. Ова важи и за Германците, кои како и другите Европјани, биле двојно Македонци.

ГЕРМАНЦИТЕ- ДВОЈНО МАКЕДОНЦИ

Според европските автори, Келтите биле Бриги со бригиска писменост.

Имало и Келто- Скити. Следи Келтите и Скитите биле со тн.словенски јазик.

Кога се говори за потеклото на Германците, мора да се одвојат посебно Келтите=Бригите и Македонците- по потпаѓање на Македонците под Рим и нивното колонизирање низ континентот. Следи Бригите не ги познавале атинските дела, на тн.Хомер, кои биле од 6 век п.н.е., во кои бил внесен канибализмот на Црнците од Месопотамија со до Египет. Па и затоа Македонците, во кои со Филип Македонски била приклучена Бригија во Македонија, никогаш не им жртвувале луѓе на боговите. Ова се потврдува и со доказот што до денес Македонците, како Евреите, не ја обожуваат крвта, дури тие никогаш не јаделе, ниту ќе јадат коњско месо и млеко.

Ова било повод да се одвојувуваат Македонци после Александар Македонски, кој ја обожавал Илијада, да им се жртвуваат луѓе на боговите. Исто така, да се говори кај Цезар и Тацит за грчки (коине) јазик и традиции на делата на тн.Хомер.

Ова било можно за време на Римјаните кои низ Европа колонизирале Македонците: Паулус поништил седумдесет градови и дека предал 150.000 луѓе во ропство... Следи во 167 година пред н.е. Римјаните во Италија биле ослободени од сите директни даноци што значи доволна илустрација за профитот кој Рим го остварил во војните на Исток. Ова говори дека Македонија била оплачкана и уништена.

Бидејќи Македонците биле колонизорани се говори и за нивно наследство.

Бранко Вукушиќ, на стр. 60, пиши: „Истакнатиот српски научник, келтолог проф. д-р Ранко Куиќ, член на Велшката академија на науки во своето дело ‘Српско-келтски паралели’ (Бања Лука 2000.) наведува до сега непознати докази на етно -културните сродности на Келтите и Словените. Откаде словенски трагови кај преживеаните потомци на Келтите во далечна Британија ? Оти, Римјаните биле окупатори во Британија приближно колку и на Балканот. Во римските мапи и административни списи од тоа време во Британија, посебно на Ирска, Шкотска, Велс многу имиња на реки, планини и други топоними и етноними се подудараат со имињата во денешна Србија и другите делови на бивша Југославија. Е невораjатен списокот на реките: Соча, Бојана, Буна, Морава, Пек, Тиса, Уна, Сана, Корана, Малена, Ведра, Добра, Вардар, и др., дури и украинска Дон, чешка Влтава, бугарска Осма итн. Списокот на планините исто така е голем: Орјен, Кораб, Мосор, Шатор, Дурмитор. Пирлитор и др. Кралската престолнина и светото брдо во Ирска е Тара, старо аријевско име“. (Слично во Скадинавија- во Данска Драгор итн., Р.И.)

Бидејќи се говори за римско доба и за имиња на цел Балкански Полуостров, а никако само на Бригија, имињата се однесувале само на македонските колонисти.

Иво Вукчевиќ, на стр. 445, пиши: „2. Срби, едино Срби

Доказите укажуваат на тоа дека од ‘почеток’ народната свест била појака меѓу Лужичките Срби отколку меѓу Германите.Од Фредагаровата хроника, четворо -томна историја на Франките од средината на VII век, до историјата на Франките,

De origine gentis Francorum compemdium, на Јохан Тритемиус од почетокот на XVI век, Франките сметале дека потекнуваат не од германскиот народ, туку од Тројанците кои говореле грчки јазик, од Тројанците викани Сикамбри. 'Сикамбрите, кои биле потомци на преживеаните од Троја и се населиле близу устието на Дунав'. Спрема Тритемиусовиот подробен извештај, околу 430. г. пред Христа, Сикабрите стигнале во Германија и се населиле на земјите долж Рајна: 'Сигурно дека Сикабрите го задобиле својот прв дом таму каде денес се Гелдерн, Весфалија, Мунстер и Клеве. Нешто по задобивањето на Ветеранум и целата земја, сé до Саксонците, Сиканбри, од љубов спрема еден од своите најголеми кралеви, на кралот Франк, се нарекле Franci (Sicambri amore sui regis se vocari statuerunf). За време на власта на кралот Пријам: 'Сикамбрите ... почнале да го заборавуваат германскиот јазик, сé додека никој од нив не знаел ниеден јазик освен тевтонскиот. Многу зборови им останале кои, изгледа, повеќе грчко отколку германско потекло, како што добро го знае секој кој разбира и грчки и тевтонски јазик. Исто така и денес.' ".

Македонци

Други германски народи исто така тврделе дека имаат негермански корени. Саксонците своите потекло го изведувале од Македонија, од Александар Велики и преживеаните војници на Александар Велики, кои ги напуштиле покорените земји после смртта на својот водач. Спрема друга генеалошка линија, Швабите исто така тврделе дека се со македонско потекло. Баварците, синови на Баварус, мигрирале од Ерменија после големиот потоп".

Следи да се говори и за Тројанско потекло- такво имале сите Европојани.

Љ. Кљакиќ, стр. 240, пиши: „...Меровинзите уживале углед на владетели- чаробници. Ги викале 'долгокоси кралеви', сметајќи дека во својата коса носат магиска анага, моќ и врлина, фр. verta. Преданието наведува дека Меровинзите се потомци на Тројанците, односно балкански Пеласти и дека, во освит на христијанството, од Пелопонез, по долината на Дунав дошле во подрачјето на средна Европа. Како аргумент во прилог на ова родословие се наведуваат современите топоними во Франција- градови Троа, Troyes и Париз, Paris за кој се тврди дека се со тројанско, односно пелазгиски потекло. Старото име Париз е и Лутес од Љутиќ, еден словенски народ".

Следи фуснота: „Една понова спекулативна реконструкција на постанокот и историјата на 'светската влада', коа предизвикала знатно внимание на меѓународната јавност, овие настани исто така се идентификуваат како еден од клучевите за разбирање на основниот проблем со кои нејзините автори се бават. Тоа е спекулација со наводните наследници на наводното Христово право на светскиот престол. Спореди, Мајкл Бејџент, Ричард Ли, Хенри Линколн: Света крв, Свети Крал, Нова книга, Белград 1987 (прво издание во Лондон 1982);исти: Месијанско завештување, самостојно авторско издание Ковачиќ, Мијаиловиќ, Миќуновиќ, Белград 1989 (прво лондонско издание 1986). Овие автори, меѓутоа, меровинското прашање го лоцираат во тесни оквири тв. христијанска ера трагајќи за легитимен наследник и потомок на самиот Исус Христа ! Папа Ован Павле II децидирано и ставил на знаење на меѓународната јавност дека заправо себе се гледа во улога за чиј носител трагаат британските автори". [Исус Христос бил претставен како Александар Македонски]

Затоа тие дошле само во старата ера. Ова говори, тие биле само Македонци.

С.Антолјак,[15] на стр. 166, вели: „...Дури еден подоцнежен спис, кој се базира врз извадоците на Фредегер, изнесува дека Франците го имаат истото потекло како и Македонците од Азија (од Пријам) и дека имале заеднички крал, па потоа таму се отцепиле и така тогаш едните од нив отишле во Македонија и се нарекле Македонци, според народот што ги примил“.

Најбитно е, што стои во “Историја на Мала Бретања“, на француски јазик: Во делото “Историја од Мала Бретања или Британија- Аморик, од првите познати жители“ од Манет Господар, најстар шеф на Институтот во Свети Мало, член на Здружението на земјоделците, Здружение на Трговци и Уметници од Свети Бриг и на Заедницата од Франција за универзална научна статистика во Парис, 1833, ставена како едно од највредните ретки книги, како богатство кое припаѓа на Светот, нејзиниот автор М.ФБ.Г.Мане, го објаснува потеклото на нејзините жители Бретанци, Британци, Англичани- Келти, дека се Бриги, дека се по потекло од Галија, дека во Европа се дојдени од Голема Бригија, создадена од Бригите после нивното преселување од Балканот, од Македонија, дека Александар и Помпеј се негови претци, дека бригискиот јазик е јазик матрица за латинскиот, францускиот и други јазици...

Меѓутоа, преселбите како колонисти на Македонците за време на Римската Империја продолжило. Најбитни биле машки деца кои до 15 години биле земани за воени служби, и тие за та го штитат мирот во Римската Империја, и како граничари на Римската Империја, тие ги колонизирале не само на нејзините простори, дури и на нејзните граница. Да не се изуми што последен римски цар бил Јустинијан. Ова говори дека Македонците цели седум векови ги колонизирале низ цела Европа.

Следат традиции на Македонците топка, која ја обожавал Александар Македонски. И затоа топка играле и Маите и Баските. Исто така, и Англичаните. Музиката на Скотите со македонски ритам кои како скотој биле колонизирани- и гајдата.

Ова било повод низ Европа да биде симбол македонскиот лав и бригискиот бог Арес=јарец/прч.Исто така, уште и баварско знаме, ама и та органа со Теофана...

Со Македонците се почнало со Анти и Венети, никако пред тоа или порано.

Следи Германците пишеле со руни, кои биле венетски од Македонија. Такви биле и руските (венетските) руни (рецки). Ако Германците таму би биле домородци, би имало домородно писмо. Исто така, само со крвна група 0. Бидејќи тие преку 90% не изумреле како Индијанците во Америка, тие биле Македонци/Балканци.

Германија била источно од реката Рајна, која била склавинска само со балкански традиции. Ова говори дека Германците биле само едно: одродени Склавини.

Иво Вукчевиќ, на стр. 279, пиши: „1. Не е Франкија, туку Славија.

Границата на Славија не се завршува на западните граници на бившата Германска Демократска Република. Границата на Slavorum populi се протега западно од Лаба и задира длабоко во територијата на бившата Федерална Република Германија. (Славорум + к = Склаворум, Р.И.)

Славија

Што се однесува на границата на Slavorum populi на запад, на почетокот на 1800- тите години германскиот историчар Д. Поп развива идеа за раното населување на Словените во горниот Палатинат. Неколку децении подоцна, еминетниот француски научник С. Робер ја проширува границата уште понатаму на север и запад:

---

[15] Стјепан Антолјак, „Средновековна Македонија“, Том прв, Мисла, Скопје, 1985.

'Уште во време на Карло Велики, се́ она што било на другата страна на Рајна не било Франкија, туку Славија'. ".

Олга Луковиќ- Пјанови, во поднасловот „д) Што кажува Шафарик и Суровјецки", цитира: „...Баварска (...), близу Франкија (...) која исто така се вика и Саксонија... Таму- според него (Порфирогенит) Србите биле Бојки (...), кои заправо граничеле со Саксонија...".

Се потврдува дека Германија била тн.словенска. Во неа се говорел само тн. словенски јазик на белата раса, а црковен јазик како католички бил латинскиот.

Д.Оболенски пиши: "во првата половина од деветтиот век Франките превеле неколку христијански текстови од латински на словенски јазик и ги испишале со латинско писмо". Бидејќи друг јазик на Белци немале, не можело да биде инаку.

Ова се потврдува со наводот на Стјепан Антолјак,[16] дека двата синови на македонскиот гувернер Никола, биле кај Франките со Отон I во Кведлингбург.

За ова тој истакнува дека во 973 година стигнале двајца пратеници, а на стр. 341 пиши: „...дека тоа биле или двајцата браќа на Самуил или пак самиот Самуил со едниот од своите браќа...

Единствена е јасно дека и тие се вратиле задоволни во својата земја, зашто на Отон I му се ласкаше нивната забележителна посета во рамките на вака бројна делегација. Затоа, како и со нив исто така водел посебни разговори на словенски јазик, а спроти нивното враќање им дал богати подароци".

Во фуснотата стои: „Во врска со Отоновото значење на словенскиот јазик еве што пишува современиот историчар Widmannd: '…Praeterea Romana lingua... Sclavinicaque loqui…' ". Значи, не се работи за словенски туку склавински јазик.

За католиците службен јазик бил само католички- германски е многу нов.

Повеќе за Германците во моите книги: „Германците Бриги и Македонци-двојно Македонци" и „Македонците само со домородни традиции".

РАСА=НАРОД=ЈАЗИК

Белците до каде што стигнале, тие таму си однеле свои традиции и се́ друго.

Љ. Кљакиќ, на стр. 171, пиши: „Кој го движи орото на човечкото општество и историја ? Прашањето е стара колку и историјата. Така Гилгамеш, митски владетел и херој, викан подвижувач на 'точакот на законот', на него одговара околу годината 2825 п.н.е., во исто време кога и Фу Хси, прв легендарни кинески цар и човек за кого се верува дека ја напишал Yi- čing. Било тоа во време кога на Балканот, музичар и херој- песник Орфеј, ги кодирал законите на поредокот на вселената за идните поколенија. Сите тројца требале да ја решат тешката задача. Требало да го утврдат меѓусобниот однос између основните 'спратови', димензии на времето и просторот кои ги одредува 'судбината' на поединците и заедниците: 1. небо- космос, вселената, свемирот и боговите или закони на небеската хармонија и механика која ги одредува; 2. човек, заедница и структура на моќта која ги усмеруваат и организираат заедницата и поединецот; 3. подземен свет- култот на предците, нивните 'души', сеќавањата и традицијата, светот на историјата.

Орфеј и Гилгамеш, хероји и богови на Илијада, Енеја и Вергилије, Овидие со Метаморфозата, Ибн- Араби, Данте и многу други го претставуваат напорот да

[16] Стјепан Антолјак, „Средновековна Македонија", Том прв, Мисла, Скопје, 1985.

се проникне во скриените слоеви на овие три димензии на човечката судбина и да помогне воспоставување на нивниот идеален склад и хармонија. Тоа е трагање за 'златен просек'. Тргнувајќи од различните патишта, тие стигнале до идентичен заклучок. Способноста да се сознаат и протолкуваат трите димензии на просторот и времето кои ја одредуваат нашата 'судбина', е претпоставка на воспоставување на онаа моќ која го подвижува орото на човечкото општество и неговата историја во саканиот правец. Тие две моќности, моќ на сознанието и моќта на подвижувањето, ги поседуваат само мал број највидни, избрани. Во занемарлив број случаеви овие два типови на моќ биле персонално или групно концетрирани како единствена човечка моќ. Споровите кои траат во поминатите пет- шест милениуми на човечката историја биле предизвикани (и) други важни прашања кои овде се поставуваат: кој е 'избран' ? На крајот на XX век, кој исто така е и крај на последните два милениуми со прилично проблематично оправдување викана 'нова ера', е јасно дека во соочувањата со тешки и стални прашања кој го покренува орото на човечкото општество и историја, не сме одмакнале понатаму од 'првобитните' увидувања на Орфеј, Гилгамеш или Фу- Хси".

Стр. 173: „И најрадикалните застапници верувале дека цела човечка историја е можна да се собере во 6000 години, како тоа го сметал Секстус Јулијус Африканец во III век, кој и се прославил со пресметката дека Христос е роден 5500 години после Потопот, знаеле колку во пракса е тешко да се спроведе ова темелно становиште на христијанската доктрина на универзалната историја и универзалната хронологија...".

Стр. 184: „Многу милениуми подоцна, 327. година п.н.е., го сретнуваме Александар Македонски како со чудо се чуди во долината Инд. Разлог на чудење на овој балкански космократор било сознанието дека индиските култови Шива и Вишну се идентични со култовите на балканските богови Дионис и Херакле. Шива и Вишну и денес се главни богови во народните верувања на Индија. Нивното потекло е пред- ведско".

Стр. 185: „Е установено дека словенските јазици до денес 'останале најблиски на заедничкиот извор со санскрит'. На санскрит се запишани ведските химни. Тој јазик не е во употреба. Истражувајќи ја старината на ведските списи, Милер ја изнел претпоставката дека сите ведски химни се собрани и запишани до годината 600. п.н.е. Меѓутоа, дваесеттите години на овој век, а на основ новите сознанија, Лагад дошол до заклучок дека Ведите се запишани околу 1200. година п.н.е., додека Тилак сметал дека нивното датирање треба да се помери уште понатаму, до V милениум, околу годината 4500- 4000 п.н.е. Арте 1958. година ја изнел теоријата според која Ведите се собрани и запишани во долгиот период од VII до III милениум п.н.е., између 6000. и 2400. година п.н.е. Така Шива и Вишну била постара од VII милениум п.н.е.".

Стр. 229: „...Вук [Караџиќ] во Речникот ја бележи магиската употреба на 'Соломуновото слово': 'кога жените бајат околу какво гука (особено околу вратот), тогаш пишат кашто чивит и Соломуново слово', шестокрака ѕвезда...".

Стр. 241: „Самиот Зевс одлучил да ги казни сите луѓе поради пелазгискиот грев, ама Титанон Прометеј, еден од помладите Евринови потомци, одлучил да им помогне, го украл огнот, го дал на луѓето и, како што е познато, за казна бил приkован за високата стена на Кавказ. Деуклиновиот потоп, уште еден пелазгиски

мит, претставува протоузор на старозаветната приказна за потопот. Ноевата лаѓа и неговите синови. Форонеј, уште еден Пеласт, останал запаметен како прв кој на Пелопонез основал град со пазар и кој прв го употребил огнот кога него Титан Прометеј го предал на луѓето против Зевсовата волја. Неговиот град се викал Фроникон ама наскоро го нарекол Арг. Со тоа име Јасон ќе ја нарече својата лаѓа кога отпатувал во пустоловината на трагање по златното руно по долината на Дунав, по Балканот и бреговите на неговите мориња. Ниоба, ќерка или мајка Форојенејева, што зависи од изворот кој го консултираме, се наведува како прва смртна жена која го обљубил самиот Зевс.Грејвс, исто така, упатува на паралела на пелазгискиот мит со санскритските Веди“. (Фроникон=Проникон=проник он, Р.И.)

Во канал History за Ноевиот потоп се кажа дека епот на Гилгамеш од 2700 г.п.н.е. се совпаѓа со потопот на Ное во Библијата, дека за таков голем брод тогаш не било можно и методот С-14 не е поуздан за тврдење на времето кога се случило.

Следи за Шамолион за староста на податоците- на Египет постари од потоп.

Не се потврдени ни личностите во Библијата, како и Исус=Хорус=Кришна...

Иво Вукчевиќ, на стр. 24, пиши во поднасловот „Не е реч Божја:

Спрема ова гледиште, јудео- христијанската теологија не е ништо друго до конфузно извртување на древната мудрост и космичката вистина: ‘Библијата не е ‘реч Божја’, туку украдена од паганските извори. Нејзиниот Еден, Адам и Ева се преземени од вавилонските списи; нејзината Поплава или Потоп не е ништо друго до делче од стотина записи за поплавите; нејзиниот Арк и Арарат имаат свои еквиваленти во митските верзии на Потопот; дури и имињата на Ноевите синови се копирани; така и со Исаковото жртвување, Соломоновата мудрост и Самсоновите подвизи на рушење столбови, Мојсије е вообичаен по углед на сирискиот Мизес; неговото право според угледот на Хамурабиевиот законик. Нејзиниот Месија е изведен од египетскиот Махдија, Спаса, поедини стихови дословно се копија на египетските ракописи. Између Исус и египетскиот Хора Џералд Мејси (Gerald Massey) најдува 137 сличности, додека између Христа и Кришна ги има на стотини.’

Со мешањето на законите на природата и процесите на создавање со Божјата волја, јудео- христијанската теологија, според верувањето на Грахам, го меша Пеколот со Рајот. Тој така пиши: ‘Волја Божја- тоа е општопознат узвик на секој масовен убиец.’ “. (Египетски Хора/Хорус=тн.словенски Хорс, Р.И.)

Стр. 38: Хорс. „Паганскиот словенски бог на сонце Хорс има исто потекло како ведскиот свар, староперсиски хвар, како хвар khsaeta (славен бог на сонце со кочија и брзи коњи), подоцна персиски хорсид (вечно, светлечко сонце). Занимливо, можда да е случајно, дека во староегипетската религија богот на небото Хор или Хар, во облик на орел, на чии раширени крила се боговите, чии очи се сонце и месец, бил бог на боговите. Првата египетска династија, династијата на обединувачите, го почитувала Хора. Од тоа време, со повремени прекиди, постои верување дека секој фараон е човечка манифестација на Хора, додека прво име на секој фараон било Хор....“.

Херодот не ги наведува Евреите,ниту дека тие се обрежувале-нив ги немало.

Евреите биле верски народ- еднобожци. Следи тие како такви биле само едно: само повеќерасни. Токму и затоа денес Евреи има Белци, Црнци и Монголи.

Иво Вукчевиќ, на стр. 527, пиши: „1. Евреи Ашкенази

Изгледа дека една последиците на средновековните крстоносни војни во Германија/Славија била расна промена на европската еврејска заедница, која Евреите Ашкенази ја претвориле во словенска заедница, повеќе српска/сорботска (Сербја) отколку семитска.

Во книгата Евреи Акшенази: Словенско- турски народ во потрага за еврејскатасамосвест (1993), професор П. Векслер (P. Wexler) пружа сестрана и импресивна студија на историска, религиска и социјална динамика на промена на овој народ: 'На основ јазичните докази и на основ на религиските и народните обичаи, образложувајќи ја хипотезата дека Евреите Ашкенази се претежно словенско, а секундарно индоевропско, турско и палестинско потекло.' ".

Стр. 528: „Јидиш, пиши Векслер, 'е словенски јазик, еден облик западнословенски српски, а Евреи Ашкенази претежно се словенско потекло. Како што и другде покажал, јидиш, спротивно на својот обемен германски речник, има исконска словенска синтакса и фонологија, бидејќи бил еден облик на западнословенски јазик, сорбски, кој е рефлексикован во горногермански. Обемот на германската лексика не може од јидиш да се создаде германска, баш како што ни позамашната франко- латинска компонента во современиот англиски не дава основа да се изјави како англиски престанал да биде германски јазик и преминал во романски табор.' ".

Следи заклучокот, дека германските=готските биле наспроти романските.

Бидејќи во Битола Евреите, кои дошле од Шпанија, говореле само шпански, а Ашкеназите јидиш, кој бил тн.словенски, се потврдува, дека никогаш немало еврејски јазик. Пак, Палестина била на Пеласти, Пелазги=тн.Словени, како што се Руситe. Токму рускиот јазик денес е втор јазик во Израел. Следи заклучокот Евреите биле Белци со тн.словенски, кои од него се одродиле, што важело и од сите богови.

Еврејките во Битола се носеле разголени како Семирамида- простититутка.

Херодот 460. година п.н.е. запишал за сличниот обичај кој е спроведен во храмот Астарте во Вавилон: „Ова што следи е најсрамниот обичај во Вавилон. Секоја жена родена во оваа земја мора да оди во храмот Астарта и еднаш во својот живот мора да се соедини со странец...". Таа на сопругот мора да му донесе пари.

Астарта/Аштар, божица, била директно поврзано со Венера или Афродита.

За ваков случај се раскажува и за фараон Кепс/Кеопс со своите две ќерки:

1) Една ќерка си го прадавала телото, а средставата биле употребени за градба на пирамидата; 2) Другата ќерка за со секој бил внесен со по еден блок за градење на пирамидата итн. Следи Египет со до со Месопотамија едни исти традиции.

Хикситe (17 век п.н.е.) биле Бриги, кои владееле со свои бригиски традиции. Таква била стапувањето во брак во сродство, што се заприметува и кај египетското кралство на Македонците- Пололемјци кои биле Бриги. Ова се задржало во заостанатите бригиски=брзјачки простори кај Бригите (Власи и Албанци)...

Бидејќи Турција била Фригија=Бригија, во неа таквата традиција и останала.

Тоа што Турција била исламска, мноштво тн.еврејски традиции, кои биле египетски на Хикситe=Бригите, до денес се среќаваат кај Турците-Фригите=Бригите.

Кај нив останало да се заколи курбан=к ур (=ил=Ил=Илиос)... само животно.

Љ. Кљакиќ, на стр. 66, вели: „Херодот во Историјата наведува дека старите Египтјани, сé до владата на Псаметих, верувале како се најстар народ на светот. Тогаш Псаметих утврдил дека најстар народ всушност се Фригијци или Фрижани. Од

тоа доба, во Египет го почитувале ова сознание, признавајќи дека Фрижаните или Фригијците се настари“. Фригијците биле Бриги=Брзјаци: бриг=бриж=брж=брз јак.

Имало Бриги и Македонци- со Филип Македонски Бригија во Македонија.

Турција била Фригија=Бригија чиј народ биле Белци, а со монголски јазик...

За да се потврди што биле Бригите, Белците, и какви традиции имале, следи.

Љ. Кљакиќ, на стр. 60, пиши: „...за Винчанското писмо Новаковиќ, инаку најопширно во анкетата, ја искористил приликата вниманието на јавноста да ја скрене на својата теорија за централноазиското потекло на Србите: ‘Ама при оцена на резултатите на професорот Пешиќ за староста на ‘Винчанското писмо’ не треба да се брза, со поразни оцени, ја користиме приликата да укажеме на уште два на изглед неверојатни моменти поврзани за нашето подрачје, можда поново за Подунавјето. Како што е познато, во една белешка на Карловачкиот родослов може да се прочита и овој податок: ‘И сва српска идола служаше, Дагону, от суду и Дагони и Даки именујут се; от Сера же Србије’. Во врска со ова ништо поуздано не знаеме, па поново не сме склони сѐ тоа да го отфрлиме со длабока неверба. Дагон е прастаро семитско божанство кое се јавува, како некои што сметаат, уште во документите на акадската династија (23. век п.н.е.), а бил почитуван и на подрачјето на горен Египет и Тигар, ама и на далеку поширокото пространство. Сер е тобожен родоначалник на Србите и ако Плиниј и Птоломеј (I и II век н.е.) се во право кога некои Срби и Сереји ги најдува во масивот Кавказ, и ако Жупаниќ е во право кога балканските Срби ги доведува во врска со тие Плинијеви и Птоломејови Срби и Сереји, тогаш нас тоа не упатува на подлабока старина отколку што сме навикнале... Валјало да би се има во вид и чинителот дека на едно парче керамика најдено на Чечен (Косово) се врежани и некои знаци кои потполно се исти како поедини знаци врежани на статуетите од Винча.’ ...“. Следи и фуснота- авторот го цитира следново:

„Не ли археолошките наоди во изворните предели на Поречката река веќе укажале на постоење на мошне стара рударска и металурска работа. Винчанската култура поникнала во Подунавјето. Подунавјето припаѓа во суштина уште секогаш на тајанствената култура на Лепенскиот Вир. Не сме уште секогаш сигурни зашто византискиот писател Псеудо- Цезариј од почеток на 5. век, жителите на Подунавјето ги нарекува Фисонци, при што валја да се има во вид дека во Грција традицијата смета дека Фисон всушност е реката Тигар, а во римската Еуфрат, па би можело да се помисли дека под Фисонци се подразбираат некогашните жители околу Тигар и Еуфрат. Наравно дека сѐ мора да се провери“. (Тигар=ти гар=жар..., Р.И.)

Стр. 150: „Голема важност има и летопис на Нестор, монах киевски- печарски. Од Несторовиот летопис Шафарик објавил делови кои се однесуваат на најстарата историја на словенските народи. На основ на знатно постаро предание, Нестор пиши дека сите словенски народи ‘настанале’ од единствената заедница на Словените. Нивната прапостојбина била на Дунав и во Илирик.Во тие области овие првобитни Словени дошле после големиот потоп како потомци на Јафет, Ноевиот син. Од Дунав и Балканот, Словените ги населиле сите покраини во кои живееле во Несторово време.

